Food and Agriculture Organization of the United Nations

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

**Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија**




# Вклучување на приватниот сектор во климатските активности во Република Северна Македонија

Од јуни 2020 година во Република Северна Македонија се спроведува Вториот проект од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд (ЗКФ) чија цел е „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија", кој го спроведува Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО), под водство на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, како Национален назначен орган за ЗКФ. Проектот се заснова на напредокот постигнат со Првиот проект за подготвителна поддршка за ЗКФ „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд" спроведен во 2019 година. Една од целите на вториот проект за подготвителна поддршка, меѓу другото, е да го олесни вклучувањето на приватниот сектор во климатските активности во државата, преку мапирање и разбирање на потребната овозможувачка средина, како и пречките за зголемено и каталитичко учество на приватниот сектор во напорите за адаптација и ублажување на климатските промени.

## Што се климатски промени?

Според Рамковната конвенција за климатски промени на Обединетите Нации (UNFCCC) климатските промени се промени во климата, кои произлегуваат директно или индиректно од човековите активности, со што се менува составот на атмосферата. Тие се забележуваат во споредливи временски периоди, покрај природната променливост на климата.

Климатска адаптација ги означува прилагодувањата на еколошките, социјалните и економските системи како реакција на реалните или очекуваните климатски стимулации или нивните влијанија. Ги означува и промените во процесите, практиките и структурата чија цел е да се ублажат потенцијалните штети или пак да се искористат можностите што се јавуваат поради промените во климата.

Климатско ублажување ги означува напорите и на јавниот и на приватниот сектор да ги намалат емисиите на стакленички гасови кои се ослободуваат во атмосферата и да ја намалат моменталната концентрација на јаглероден диоксид ($CO_2$) преку зголемување на понорите на стакленички гасови (на пр. зголемување на површините со шуми).

## Ранливост на Северна Македонија на климатските промени

Република Северна Македонија е држава со високо среден приход која е особено ранлива на климатските промени. Економскиот раст на државата зависи од природните ресурси што пак зависат од климата, меѓу кои и земјиштето, шумите и водата, поради што трошоците за адаптација и ублажување се релативно високи. Според Националниот утврден придонес на Северна Македонија за UNFCCC[1], речиси 80% од вкупните емисии на $CO_2$ потекнуваат од согорувањето фосилни горива, при што доминантен удел имаат снабдувањето со електрична енергија, зградите и транспортот. Иако емисиите од земјоделство, шумарство и други употреби на земјиштето, од индустриски процеси и од отпад имаат релативно мал удел во вкупните емисии на стакленички гасови, земјоделството и производството на храна имаат важна улога во економијата на државата и се меѓу најранливите сектори во однос на климатските промени.

Овие се дел од секторите што се утврдени како приоритетни при првичната приоретизација на секторите направена за време на првиот Проект за подготвеност за ЗКФ, а тие се: енергетика, транспорт, водни ресурси, земјоделство, отпад, биолошка разновидност, здравство, шумарство и културно наследство. Активностите во овие приоритетни сектори ќе бидат основа за изработка на Работна програма на Република Северна Македонија за ЗКФ во рамките на вториот Проект за подготвеност, за која ќе се идентификува листа на проекти (од јавниот и од приватниот сектор) во сите овие сектори, кои ќе бидат евалуирани согласно процедурата за приоретизација изработена во рамките на првиот Проект за подготвеност.

## Зошто климатските промени се значајни за приватниот сектор?

Климатските промени носат ризик за бизнисот. Климатските ризици ќе имаат сериозни импликации за сите сектори од нашата економија. Тие ќе влијаат врз приходите, готовинските текови и врз оперативните трошоци, врз вредноста на средствата и финансирањето на трошоците, и секако врз конкурентноста и профитабилноста на компаниите и на финансиските институции. Физичките влијанија на климатските ризици ќе предизвикаат материјални последици врз секторите во областите што се склони кон ризици (на пр. недвижен имот во крајбрежните подрачја или пак во подрачјата склони кон пожари); врз секторите во кои отпорноста на инфраструктурата и континуитетот на активностите се општествена потреба (на пр. во здравството, телекомуникациите/интернетот, комуналните услуги); и врз секторите што зависат од природниот капитал (на пр. тие што се ослонуваат на продуктивно земјиште и достапност на вода, како што се земјоделството и производството на месо, живина и млечни производи). Имајќи предвид дека компаниите се соочуваат со овие ризици, рационалниот интерес кој потекнува од компаниите треба да биде голем двигател на активностите за адаптација на климатските промени.

## Што се климатски финансии?

Според Рамковната конвенција на ОН за климатските промени, климатски финансии се локални, национални и меѓународни средства - кои се собираат од јавни, приватни и алтернативни извори на финансирање – со цел да се поддржат активностите за ублажување и адаптација во однос на климатските промени.

[1] Рамковна конвенција на ООН за климатските промени

Во светски рамки постојат различни фондови и модели со кои се олеснува обезбедувањето на климатски финансии. Рамковната конвенција на ОН за климатските промени воспостави **финансиски механизми** за обезбедување на финансиски ресурси за државите во развој што се страни на Конвенцијата. Финансиските механизми исто така служат и за спроведување на Протоколот од Кјото и Договорот од Париз. Такви се: Глобалниот еколошки фонд, Зелениот климатски фонд, Посебниот фонд за климатски промени, Фондот за најнеразвиените земји, и Фондот за адаптација. Овие различни фондови за клима**,** регионалните програми или програмите водени од државите нудат широк спектар можности за компаниите за пристап до финансиски средства. Глобалните трендови покажуваат дека поголемите претпријатија (и тие кои се во државна сопственост или во кои државата е косопственик) имаат многу поголеми можности да ги искористат овие механизми за финансирање.

## Механизам за приватниот сектор на Зелен климатски фонд

Зелениот климатски фонд е најголемиот фонд во светот наменет да ги поддржи земјите во развој да ги намалат емисиите на стакленички гасови и да ги подобрат своите обиди да се справат со влијанијата на климатските промени. Формиран е од страна на Рамковната конвенција за климатски промени на ОН во 2010 година.

Во светски рамки, приватниот сектор управува со средства во вредност од УСД 210 трилиони, а само еден мал дел од нив може да се категоризираат како инвестиции во врска со климата. За да се поттикнат климатски инвестиции во земјите во развој, ЗКФ се обидува да го намали ризикот кај таквите инвестиции на приватниот сектор преку својот Механизам за приватен сектор. Како и кај јавниот сектор, ЗКФ средствата за приватниот сектор ги обезбедува преку акредитирани субјекти. ЗКФ се обидува да го мобилизира приватниот сектор во кој ги вбројува и институциите како инвеститори, спонзори на проекти и финансиски институции.

До сега, ЗКФ има поддржано **27 проекти** за приватниот сектор во вредност од УСД 2,2 милијарди и обезбедено кофинансирање во износ од УСД 7,2 милијарди преку акредитирани субјекти. Овие проекти доведе до намалување на емисиите на $CO_2$ за 1,1 милијарда тони. Два проекта опфаќаат повеќе држави и активности поврзани со **адаптација**, а останатите проекти се со фокус на **ублажување** на климатските промени, како и на одредени заеднички области**.** Најголем дел од проектите за приватниот сектор биле во областа на **енергетиката**. Механизмот за приватниот сектор нуди:

- **концесиски инструменти** како што се нискокаматни и долгорочни заеми за проекти;
- **кредитни линии** во банки и други финансиски институции;
- **инвестиции во капитал** и ублажувачи на ризикот како на пр. **гаранции;**
- прва заштита од загуби и градење капацитети врз основа на **грантови**.

Преку Зелениот климатски фонд, Северна Македонија е вклучена во меѓународни климатски иницијативи кои имаат за цел да го поддржат ангажманот на приватниот сектор и да креираат можности и погодно опкружување за климатско финансирање.

## Идни активности

**Национални напори за вклучување на приватниот сектор во климатските и зелените инвестиции**

Република Северна Македонија работи на ангажирање на приватниот сектор во климатските и зелените инвестиции преку бројни политики: Закон за финансиската поддршка на инвестиции, Стратегија за енергетика, Закон за енергетската ефикасност, Индустриска политика, Стратегија за паметна специјализација, шеми за финансирање на Фондот за иновации и технолошки развој, како и шеми за позајмување преку Развојната банка на Северна Македонија.

**Приватниот сектор во Северна Македонија во однос на Зелената агенда на Европската унија за Западниот Балкан**

Поголемата вклученост на приватниот сектор е главен приоритет за Владата, особено во однос на процесот за пристапување во Европската унија. Најновата Зелена агенда за Западниот Балкан на Европската Комисија согласно предвиденото во Европскиот зелен договор, се фокусира на пет широки области: декарбонизација, чистење на воздухот, водата и почвата, циркуларна економија, земјоделство и производство на храна и заштита на биолошката разновидност. Зелената агенда вклучува и димензија за приватниот сектор, чија цел е да се поттикнат приватните компании да се активираат во зелената и циркуларната економија со што сите сектори во економијата би се придвижиле кон одржливост, без оглед дали таа е во енергетиката, транспортот или земјоделството. Европската унија ќе соработува со земјите во регионот со цел да поттикнува одржливи начини на производство и одржливи системи за производство на храна. Комисијата исто така ќе поттикнува шеми за финансирање на компаниите што работат на зелени иновации и технологии поврзани со оваа цел. ИПАРД[2] исто така ќе добие дополнителна компонента со која ќе се поттикнува развојот на приватниот сектор во руралните подрачја.

[2] Инструмент на Европска унија за претпристапна помош за рурален развој



©FAO/Giuseppe Carotenuto

## КОНТАКТИ:

**Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, Влада на Република Северна Македонија – Национален назначен орган за ЗКФ:**

- **Веб страница на кабинетот: www.vicepremier-ekonomija.gov.mk; Веб страница на ННО: www.greendevelopment.mk**

**Регионална канцеларија на ФАО за Европа и Централна Азија (Канцеларија на ФАО во Северна Македонија)**

- **FAO-RO-Europe@fao.org  (FAO-MK@fao.org)**

**Организација за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО) | Будимпешта, Унгарија**

CC BY NC SA

© FAO, 2021
CB3251MK/1/03.21